09.08.2009, 15:08

# КУТИЈАТА Е КУТИЈА, ОСВЕН КОГА НЕ Е УМЕТНОСТ



**Уметницата Виолета Чауле со колажираното јајце „Амулет“ учествува на изложба во Музејот „Флукс“ во САД**

**Катерина Богоева**

Ликовната уметница Виолета Чауле со своето дело „Амулет“ во текот на јули учествуваше на мошне интересна и престижна изложба „Погледни внатре во кутијата“ во постојаната колекција на Музејот „Флукс“ во Арлингтон, Тексас, реализирана во соработка со тамошниот Музеј на колаж, заедно со автори од различни делови од светот. Иако немаше можност физички да присуствува на презентацијата, авторката деновиве потенцира дека ја весели сознанието што нејзиното дело тамошните медиуми го нарекле „Јајцето од Македонија“ и го вброиле меѓу четирите најзабележани, но и дека е дел од перманентната музејска колекција, заедно со делата на многу познати, непознати и славни имиња во светот, меѓу кои се и Јоко Оно, Џорџ Брехт, Кејт Бачколц, Карл Мерион и др. На музејската веб-страница (fluxmuseum.org), може да се погледнат мошне провокативните дела, а Чауле ја опиша изложбата како „мошне специфична, почнувајќи од самата идеја за кутијата како премиса и експресивен медиум за изложбата, па се' до фактот дека кутијата е кутија..., освен кога не е уметност“.

Но, и самиот чин на испраќање на делото по пошта во САД ја составува приказната на „Јајцето од Македонија“. „Прво беше возбудата од сознанието дека некаде во светот постои Музеј на колаж, на техниката со која се занимавам веќе две децении. Бев убедена дека таму можам да го најдам своето место, што и се потврди. Но, како по некое правило, убавото мора да биде зачинето со некоја непријатност.

Електронско издание




ДЕНОТ НИЗ ФОТОГРАФИИ

НАЈНОВИ ВЕСТИ

- СЗО ТРОШИ ПОВЕЌЕ НА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА, ОТКОЛКУ НА БОРБА ПРОТИВ БОЛЕСТИТЕ
- КОИ КЕ ГО НАСЛЕДИ БОГАСТВОТО НА ПРИНС
- НЕЗАВИСНИОТ ПОЛИЦИСКИ СИНДИКАТ БАРА ОДГОВОРНОСТ И ОД ЧАВКОВ
- НЕДЕЛНА ПАУЗА ЗА ПАРТИСКИТЕ ПРЕГОВОРИ ЗА НОВА ВЛАДА
- ВАРДАРКИ ГО ОСВОИ РАКОМЕНТНИОТ КУП НА МАКЕДОНИЈА

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

17° СКОПЈЕ ВРЕМЕ

Претежно облачно

| НЕД | ПОН | ВТО | СРЕ | ЧЕТ |
|---|---|---|---|---|
| 21 | 21 | 22 | 21 | 21 |
| ПЕТ | САБ | НЕД | ПОН | ВТО |
| 19 | 21 | 22 | 24 | 26 |

овозможено од Yahoo! Weather

НАЈЧИТАНИ | НАЈКОМЕНТИРАНИ

- Фенербахче и Олимпијакос ќе се борат за европската шампионска титула
- Суспендирани 15 вработени во МВР за инцидентите во Собранието
- Малиот Павел се пробуди од вештачката кома



Кога ја добив фотографијата од делото на поставката, се шокирав, беше скршено.

Никогаш нема да дознам како дошло до тоа и дали воопшто некој знае дека тоа не е оригиналната верзија. Почнав да размислувам како да го вратам, за да направам корекција, но набргу се откажав од таа идеја и се обидов да размислувам пореално, а за волја на вистината, реалност беше дека оваа ненадејна 'трансформација' на

делото не ми донесе ништо лошо, туку напротив, дека треба да ја прифатам како нешто позитивно... Како позитивна разрешница и предводник во отварање на нови хоризонти во мојот живот и творештво".



Со свои дела во изложбата на која се презентирани различни предмети што можат да послужат како кутии, учествувале, а и сега во постојаната музејска колекција се наоѓаат дела и на уметници од САД, Велика Британија, Белгија, Данска, Шпанија, Португалија, Мексико, Канада, Австралија, Холандија, Грција, Германија, Унгарија Кипар , Италија, Колумбија и Франција и др. Во нив авторите на најневеројатни начини ги сместиле своите светови, соништа, визии, своите можеби тајни нешта, кои сакаат да ги споделат со другите луѓе.

Опишувајќи ги предностите на колажот, како ликовна техника низ која таа креативно се изразува и која најмногу и' одговара на сопствените визии, Чауле потенцира, пред се', дека ја добива замислената ликовна целина со помош на лепење парчиња хартија, платно или друг материјал.

„Во зависност од фантазијата на уметникот, колажот исто така може да се користи и во комбинација со други ликовни техники, на пример, со масло на платно и др". Нејзиното колажирано јајце кое се наоѓа во Музејот „Флукс", како што вели, е вистинско велигденско јајце, што и' послужило како основа за понатамошната работа.

„Во почетокот немав одредена идеја што ќе правам, секојпат почнувам со едно, па до него друго, па трето парче хартија... Затоа користам фотографии од журнали, а единствена тешкотија во овој случај, ми претставуваше малата димензија на јајцето, поради што и димензијата на парченцата хартија мораше да биде минијатурна и нивното лепење беше можно единствено со помош на игла за шиење".

Вели дека пораката на „Амулет", како и воопшто пораките на уметничките дела претставуваат енигма и за самиот творец, бидејќи многу често пораката може да претставува неуспешен обид... „Имам само бескрајна доверба во смислата на уметноста и нејзината улога во животот на секој поединец... И секако желба моето дело да има неограничен ликовен век".

Но, и покрај тоа што учествува во оваа значајна презентација, во друштво со потврдени имиња од ликовниот свет, Чауле дома, во Скопје продолжува да се соочува со реалноста на уметниците од земјава. Вели дека во моментов не работи ништо, ја прекинала работата на една слика од поголем формат,

Deutsche Welle
Пипа кажа „Да"
Моја Европа: Германско - полско помирување 2.0
Германија: Еден милион слободни работни места

што се надевала дека ќе ја претстави на Седмото интернационално биенале на современата уметност во Фиренца, што треба да се одржи во декември годинава, на кое по втор пат е поканета да учествува. „Но, како што изгледа, ни овој пат за жал, најверојатно нема да учествувам, бидејќи трошоците околу котизацијата и транспортот ги надминуваат моите финансиски можности. На барањето за поддршка, од Министерството за култура се' уште немам позитивен одговор. Имам само информација дека има и друг поканет уметник кој е исто така на 'листа на чекање'. Ќе ми биде жал доколку Министерството не овозможи учество на барем еден од нас, со што и на нашата земја би и било овозможено претставување на оваа значајна манифестација. Станува збор за реномирана изложба која се одржува под покровителство на претседателот на Италија и на неа ќе бидат претставени 2.500 дела на уметници од целиот свет. Меѓу другото, на реномираната ликовна уметница Марина Абрамовиќ ќе и' биде доделена награда за посебен придонес во уметноста, а на Биеналето ќе учествуваат и досегашните добитници на оваа награда, меѓу кои Жилберт и Жорж, Кристо, Жан Клод и др.. Навистина екстраординарна средба, со право наречена 'Дијалог помеѓу цивилизациите'".

Статијата е прочитана 1615 пати.

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.
Сподели

Испрати коментар

## ОСТАНАТИ ВЕСТИ

**Јубилејно издание на Галичката ликовна колонија**
**„Дервишот и смртта“ вечерва на „Охридско лето“**
**Денеска во Охрид почнува Семинарот за македонски јазик**



РЕДАКЦИЈА
ул. "Васил Ѓоргов" бр.16, четврти кат
Тел. 3236 900
Факс. 3236 901
E-mail: contact@utrinski.com.mk

© 2006-2014 Утрински весник, сите права задржани